**Известување за концентрација со која Виенербергер АГ од Австрија ќе стекне индиректна единствена контрола над Тереал Холдинг С.А.С. од Франција**

**(предмет бр. 08-167 од 2022 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 29.12.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на индиректна единствена контрола од страна на Виенербергер АГ, акцинерско друштво основано и постоечко според законите на Австрија, со регистрирано седиште на Винербергерплаз 1, 1100, Виена, Австрија над Тереал Холдинг С.А.С., акционерско друштво основано и постоечко според законите на Франција, со регистрирано седиште на 13 Руе Пагес, 92150 Суреснес, Франција, со стекнување на сите акции во Тереал Холдинг С.А.С. преку целосно поседувано зависно друштво на Виенербергер АГ, Австрија.

**-Виенербергер АГ** е матично друштво на на Виенербергер Групација на друштва, меѓународен снабдувач со градежен материјал и инфраструктурни решенија.

Виенербергер Групацијата е активна во Република Северна Македонија преку друштвото-**Виенербергер ДООЕЛ Виница**, со основна деловна дејност-производство на цигли, ќерамиди и производи од печена глина за градежништво.

**-Тереал Холдинг С.А.С.** е производител на градежни материјали, лоцирано во Франција. Целното друштво и неговите зависни друштва кои се предмет на предложената трансакција, немаат зависни друштва, ниту активности во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

03.01.2023 година

Скопје